Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј''
Скопје

Природно-математички факултет

ПРОЕКТ

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА НАСТАВНА ХЕМИЈА НА ВТОРИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИТЕ ПО ХЕМИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ

(МАГИСТЕР ПО ОБРАЗОВАНИЕ ПО ХЕМИЈА)

Скопје, 2016

СОДРЖИНА

Задолжителни компоненти на студиските програми од првиот циклус на студиите

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ОД ПРВИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИТЕ

1а. Карта на Природно-математички факултет

Назив на високообразовната установа	Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје Природно-математички факултет - Скопје
Седиште	Ул. Архимедова, бр. 3, 1000 Скопје
Интернет страница	http://www.pmf.ukim.edu.mk/
Вид на високообразовната установа	Јавна високообразовна установа
Податоци за основачот (на приватна високообразовна установа	Собрание на Република Македонија

	Назив на студиската програма ПРВ ЦИКЛУС	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**
Податоци за последната акредитација	студиски програми: наставна хемија	бр. 12–299, 300, 301, 302, 303, 304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	применета хемија		
	применета хемија – аналитичка биохемија		
	применета хемија – хемија на животната средина		
	студиска програма: биохемија и физиологија	12-32/2 од 15.04.2014	13-7931/4 од 20.05.2014
	студиска програма: екологија	12-297/1 од 10.09.2012	13-7348/4 од 30.10.2012
	студиска програма: молекуларна биологија	12-297/1 од 10.09.2012	13-7348/4 од 30.10.2012
	студиска програма: биологија (за наставен кадар во средното обр.)	12-297/1 од 10.09.2012	13-7348/4 од 30.10.2012
	студиска програма: наставна географија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: географски информациски системи	12-221/2 од 09.02.2015	14-610 од 09.04.2015
	студиска програма: демографија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: туризам	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: етнологија и антропологија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: наставна математика	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: теориска математика	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: математичко програмирање	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013
	студиска програма: математичка економија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	13-9101/4 од 14.08.2013

	студиска програма: математика-информатика (применета)	12-26/4 од 13.03.2012	13-4835/5 од 29.08.2012
	студиска програма: математика- информатика (наставна)	12-26/5 од 13.03.2012	13-4835/5 од 29.08.2012
	Назив на студиската програма ВТОР ЦИКЛУС	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**
	БИОЛОГИЈА		
	- биохемија и физиологија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	03-9101/4 14.08.2013
	- екологија и таксономија (модули: наставен, еколошки, таксономски)	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	03-9101/4 14.08.2013
	- молекуларна биологија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	03-9101/4 14.08.2013
	ГЕОГРАФИЈА		
	- географски информациски системи	12-222/2 од 09.02.2015	14-610 09.04.2015
	- туризам двегодишни	12-8/3 од 12.03.2013	13-7582/4 17.05.2013
	Туризам едногодишни	12-8/2 од 12.03.2013	13-7582/4 17.05.2013
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	- етнологија и антропологија	12-299,300,301,302, 303,304/1 од 28.11.2012	03-9101/4 14.08.2013
	МАТЕМАТИКА		
	- математички науки и примени	12-123/6 од 14.01.2014	13-982/4 18.02.2014
	- математичко образование во основно и средно училиште	12-123/5 од 14.01.2014	13-982/4 18.02.2014
	- нумеричка оптимизација и апроксимации	12-123/4 од 14.01.2014	13-982/4 18.02.2014
	- математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија	12-38/2 од 15.04.2014	13-7931/4 20.05.2014
	ХЕМИЈА		
	- наставна хемија	12-334/5 од 21.03.2014	13-6803/4 03.06.2014
	- применета хемија	12-334/7 од 21.03.2014	13-6803/4 03.06.2014
	- применета хемија - аналитичка биохемија	12 -334/8 од 21.03.2014	13-6803/4 03.06.2014
	- наставна хемија	12-334/5 од 21.03.2014	13-6803/4 03.06.2014
	Назив на студиската програма ТРЕТ ЦИКЛУС	**Решение од одбор за акредитација**	**Решение за почеток со работа од МОН**

	БИОЛОГИЈА		
	- биохемија и физиологија	12-136/4 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015
	- екологија	12-136/3 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015
	-таксономија	12-136/2 од 17.11.2014	УП1бр. 14-1711 од 25.08.2015
	- молекуларна биологија	12-136/5 од 17.11.2014	14-1711 од 25.08.2015
	ГЕОГРАФИЈА		
	- географија	12-138/2 од 18.11.2014	14-32/1 од 12.01.2015
	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА		
	етнологија и антропологија	12-154/2 од 23.01.2015	14-301 од 21.04.2015
	МАТЕМАТИКА		
	- математички науки и примени	12-145/3 од 23.12.2014	14-301 од 21.04.2015
	ФИЗИКА		
	-физика	12-259/3 од 15.05.2015	14-1131 од 01.07.2015
	ХЕМИЈА		
	-хемија	12-137/2 од 18.11.2014	14-32/1 од 12.01.2015
Студиски и научно-истражувачки подрачја за кои е добиена акредитација	Природно-математичко, техничко-технолошко, општествено, хуманистичко		
Единици во состав на високообразовната установа	1. Институт за биологија, 2. Институт за географија, 3. Институт за етнологија и антропологија, 4. Институт за информатика, 5. Институт за математика, 6. Институт за физика, 7. Институт за хемија и 8. Сеизмолошка опсерваторија		
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нови студиски програми	**ПРВ ЦИКЛУС** СТУДИИ ПО БИОЛОГИЈА Биологија (за наставен кадар во средно образование) Биохемија и физиологија Екологија Молекуларна биологија СТУДИИ ПО ГЕОГРАФИЈА Наставна географија Географски информациски системи Демографија СТУДИИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА Етнологија и антропологија СТУДИИ ПО ИНФОРМАТИКА (4-годишни студии) Информатичко образование Компјутерски науки Информациски системи Програмско инженерство Компјутерски архитектури и мрежи ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ (3-годишни студии) Интернет и мобилни технологии Администрирање на компјутерски мрежи		

	СТУДИИ ПО МАТЕМАТИКА Наставна математика Теориска математика Математичка економија Математичко програмирање СТУДИИ ПО ФИЗИКА Наставна физика Физика на компјутерски хардвер Применета физика – апарати и уреди Применета физика – теориска физика Применета физика – медицинска физика Применета физика – геофизика Применеат физика – метеорологија Применета физика – астрономија и астрофизика СТУДИИ ПО ХЕМИЈА Наставна хемија Применета хемија Применета хемија – Аналитичка биохемија Применета хемија – Хемија на животната средина ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ Биологија-хемија Математика-физика Математика-хемија Математика-информатика Физика-хемија Физика-информатика Хемија-информатика **ВТОР ЦИКЛУС** СТУДИИ ПО БИОЛОГИЈА Еколошко-таксономска насока - Наставен модул - Еколошки модул - Таксономски модул Биохемиско-физиолошка насока Молекуларна биологија СТУДИИ ПО ГЕОГРАФИЈА Наставна географија Географски информациски системи Демографија СТУДИИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА Етнологија и антропологија СТУДИИ ПО ИНФОРМАТИКА Инженерство на Интелигентни системи Кодирање и криптографија Компјутерски науки СТУДИИ ПО МАТЕМАТИКА Математички науки и примена СТУДИИ ПО ФИЗИКА Физички науки Модули - применета физика, - теориска физика, - медицинска физика, - геофизика, - метеорологија, - астрономија или - астрофизика Методика во наставата по физика

	Физика за компјутерски хардвер СТУДИИ ПО ХЕМИЈА Наставна хемија Применета хемија Применета хемија - Аналитичка биохемија СТУДИИ ПО ФОРЕНЗИКА -Модул: форензичка физика -Модул: форензичка хемија -Модул: форензичка биологија
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	Размената на студентите се изведува преку следниве програми: - Erasmus+ Акција 1 (Индивидуална мобилност за студенти) - преку УКИМ - програмата CEEPUS (Central European Exchange Program for University Studies), - фондацијата DAAD, - фондацијата Alexander von Humbpoldt - фондацијата Fulbright - IAESTE организација за размена на студенти. Покрај тоа, се одвива и размена на студенти преку канцеларијата на фракофонските земји за организација на семинари за докторски студии. Факултетот има склучено повеќе од 100 меморандуми/договори за соработка со различни компании и академски институции од земјата и од странство, што е правна база за реализација на различни видови размени на студенти.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	-вкупна површина (во m^2) 19.375 m^2 (нето површина) -вкупен број лаборатории 116 со вкупна површина од 5.169,67 m^2 -вкупен број кабинети 156 со површина од 2.777,07 m^2 -вкупен број предавални 27 предавални + 6 амфитеатри со површина од 2.560,74 m^2 -површина по запишен студент m^2 2.23 m^2 -вкупна површина на опитни станици $м^2$ 5.169,67 m^2 -други простории: простории за академскиот кадар и други вработени
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	краток опис на опремата: • три атомски апсорпциони спектрометри; инфрацрвени инструменти (FT интерферометар и класичен спектрофотометар); Микро-раман спектрометар; ултравиолетови/видливи спектрофотометри; гасен хромато-граф; гасен хроматограф со масен детектор; течен хроматограф (HPLC); течен хроматограф со масен детектор; два електрохемиски инструменти (потенциостат/галваностат); два мобилни, микропотенциостати (погодни за работа со студенти); 2D-електрофореграм • пламенфотометар; неколку рефрактометри; кондуктометри; поголем број pH-метри; аналитички ваги; сушари; печки за жарење; центрифуги; апаратура за добивање дестилирана вода; • Апаратура за X-зраци Leybold; Осцилоскоп Voltcraft 630; Мултиметар Voltcraft 401; Мултиметар CHY 21; Мултиметар OGSM 61; Мултиметар OGSM 61; Стабилизиран исправувач Voltcraft TNG 30; Стабилизиран исправувач PS-302-A; абилизиран исправувач Iskra MA 4165; Функциски генератор Iskra MA 3733; Реглер трансформатор Iskra; Дигитален мултиметар HP 34401A; Дигитален мултиметар, рачен MY 68; Стробоскоп MA13900; Луксметар PLM-3; Ехоскоп Lehfeldt; Демонстрационен осцилоскоп ED-2; RC Генератор Iskra 3605; Дигитален мултиметар HP 34401A; LCR метар HP 3284 A; Систем мултиметар HP 3458 A; Пикоамперметар HP 4140 Б; Микроскоп МЦ80 ЗЕИСС; Тест Печка WTC Binder; Ќелија за диелектрични константи на течности; Ќелија за диелектрични константи на тврди тела; Прецизен потенциометар Dieselhorst T2334; Мултифлекс галванометар T6441; Вестонова стандардна ќелија 3500/БД; Луксметар PU 150; Амперметар Х&Б; Стилоскоп Hilger; Спектроскоп со фотометарски клин; Дифракционен монохроматор IL-780; Дигитален радиометар; Спектрофотометар UNICAM PYE SPF 300; Спектрофотометарот SPF – 300; Спектропроектор

<table>
<tr><td></td><td>– од фирмата FUESS – Германија; Интегрална сфера – INS 250; Микрофотометар; Дигестор за добивање на филмови со метод на спреј – пиролиза, електродепозиција и хемиска депозиција; Дигестор за подготовка на супстрати; Апаратура за добивање на филмови со вакуумско напарување; Апаратура за добивање на филмови со магнетрон; Апаратура за мерење на термичката ширина на забранетата зона; Елипсометар; Комплетна опрема за high-purity Ge (HPGe - детектор); Комплетна опрема за мерење на γ-зрачење; Комплетна опрема за мерење со сцинтилоскопски детектор; Комплетна опрема за мерење на X-зрачење; Опрема за детекција на неутронски флукс; Опрема за дозиметрија на јонизирачки зрачења; Скенирачки електронски микроскоп;
• ПЦ компјутери (400 работни станици); 25 сервери; Проектори; Мрежна опрема; Преносни компјутери
• Опрема за видео коференција
• Мрежни уреди за складирање
• Мултумедијална опрема, аудио опрема
• Друга опрема</td></tr>
<tr><td>Број на студенти за кој е добиена акредитација</td><td>За ПРВ ЦИКЛУС (Вкупно на ПМФ)
редовни: 1188; со кофинансирање 730; вонредни: 721
За ВТОР ЦИКЛУС (Вкупно на ПМФ) 200</td></tr>
<tr><td>Број на студенти (прв пат запишани)</td><td>ЗА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ: Прв пат во прва година 513
ЗА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ: 56</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања</td><td>Вкупно/ наставници според звањето</td></tr>
<tr><td>- редовни професори - 66
- вонредни професори - 23
- доценти - 29</td></tr>
<tr><td>Одделно/ наставници по Институти</td></tr>
<tr><td>- Институт за биологија – 30
- Институт за географија – 13
- Институт за етнологија и антропологија – 6
- Институт за математика – 17
- Институт за физика – 24
- Институт за хемија – 25
- Сеизмолошка опсерваваторија – 2</td></tr>
<tr><td>Број на лица во соработнички звања</td><td>- асистенти – 3
- помлади асистенти – 3</td></tr>
<tr><td>Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за математика /</td><td>Податоци за учебната 2015/2016 година:

МАТЕМАТИКА
<table><tr><td>Редовни студенти
I година: 38
II година: 23
III година: 14
IV година: 22
IX- XII семестар: 31</td><td>Вонредни студенти и Проект 35/45
I година: 2
II година: /
III година: 1
IV година: 4
IX- XII семестар: 5</td></tr></table>МАТЕМАТИКА-ИНФОРМАТИКА
<table><tr><td>Редовни студенти
I година: 2
II година: 4
III година: 2
IV година: 4
IX- XII семестар: 2</td><td>Вонредни студенти и Проект 35/45
I година: 2
II година: /
III година: 1
IV година: /
IX- XII семестар: /</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Однос наставник: студенти (број</td><td>ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ (МАТЕМАТИКА-ФИЗИКА)</td></tr>
</table>

на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за математика и Институт за физика/	Редовни студенти I година: / II година: / III година: 2 IV година: 3 IX- XII семестар: 5	Вонредни студенти и Проект 35/45 I година: 1 II година: / III година: / IV година: / IX- XII семестар: 5
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИМ): **10,2**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за физика	ФИЗИКА	
	Редовни студенти I година: 19 II година: 14 III година: 23 IV година: 11 IX- XII семестар: 12	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IV година: / IX- XII семестар: 7
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИФ): **4,6**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за хемија	ХЕМИЈА	
	Редовни студенти I година: 48 II година: 40 III година: 38 IV година: 35 IX- XII семестар: 42	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 1 II година: / III година: / IV година: 4 IX- XII семестар: 4
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИХ): **8,8**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за биологија	БИОЛОГИЈА	
	Редовни студенти I година: 105 II година: 74 III година: 65 IV година: 67 IX- XII семестар:146	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IV година: / IX- XII семестар: /
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за биологија и Институт за хемија	ДВОПРЕДМЕТНИ СТУДИИ (БИОЛОГИЈА-ХЕМИЈА)	
	Редовни студенти I година: / II година: / III година: / IV година: 1 IX- XII семестар: 6	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IV година: / IX- XII семестар: /
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИБ): **15,5**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / Институт за географија	ГЕОГРАФИЈА	
	Редовни студенти I година: 105 II година: 80 III година: 77 IV година: 76 IX- XII семестар:73	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: 20 II година: 16 III година: 5 IV година: 14 IX- XII семестар: 4
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИГ): **35,8**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно /	ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА	
	Редовни студенти	**Вонредни студенти и Проект 35/45**

Институт за етнологија и антропологија	I година: 13 II година: 8 III година: 6 IV година: 5 IX- XII семестар: 24	I година: / II година: 1 III година: 4 IV година: 1 IX- XII семестар: 9
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИЕА): **11,8**	
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно / ПМФ	ИНФОРМАТИКА (четиригодишни студии)	
	Редовни студенти I година: / II година: / III година: / IV година: 4 IX- XII семестар: /	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IV година: / IX- XII семестар: 10
	ИНФОРМАТИКА (тригодишни студии)	
	Редовни студенти I година: / II година: / III година: / IX- XII семестар: 33	**Вонредни студенти и Проект 35/45** I година: / II година: / III година: / IX- XII семестар: /
	Однос наставник: студенти (бр. на студ. на еден наставник за ИИ): **9,4**	
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	Мониторинг и контрола на квалитетот на студиите на ПМФ се обезбедува на повеќе нивоа. На поодделните институти организација на студиите и нивна контрола спроведуваат раководителите на институтите и координаторите на заводите. На Факултетот постои комисија за студентски молби и барања и наставна комисија. Покрај тоа, за квалитетот на студиите се грижат деканот и продеканот за настава. По завршувањето на секој семестар, раководителите на институтите спроведуваат анонимна студентска анкета, а таква анкета спроведува и продеканот за настава на крајот на секоја учебна година. Некои наставници спроведуваат анкети за своите предмети. Покрај тоа, факултетот спроведува и самоевелуација, а спроведувана е и надворешна евалуација.	
Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)	Согласно Статутот на УКИМ член 307 самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 години. Самоевалуациониот процес се врши врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, донесено од Универзитетскиот сенат (9 седница/30.04.2013).	
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Последната надворешна евалуација на ПМФ е спроведена во 2014/15 година во рамките на надворешната евалуацијата на УКИМ, а од Агенцијата за евалуација на високото образование на Република Македонија, надворешна евалуација на ПМФ е спроведена во 2004 год.	
Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност	Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје е водечка академска институција според мериторни критериуми за евалуација засновани на бројноста на објавени научни трудови во земјата и во странство. Околу 30% од сите публикации во списанија со фактор на влијание објавени од автори од Р. Македонија, припаѓаат на трудовите објавени од научниот кадар на ПМФ. Според анализата направена на почетокот на 2015 година врз основа на базата SCOPUS, научниот кадар на ПМФ објавил повеќе од 2000 публикации цитирани од оваа база (која е една од најрелевантните бази за анализа на научната публицистика). Во програмата на УКИМ за избор на најдобри научници, ПМФ има свои претставници во секоја од изминативе 4 години. Покрај тоа, дел од научниот кадар на ПМФ е носител на престижни државни награди, како што се, на пример, наградата Гоце Делчев и наградата за најдобар научник на Претседателот на Р. Македонија, потоа, награди на УКИМ, како што се наградата „Св. Кирил и Методиј“ и плакети за заслуги, потоа наградата на МАНУ за најдобар млад научник итн.	

1б. Карта на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија

Назив на високообразовна установа	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Природно-математички факултет Институт за хемија
Седиште	Архимедова 5, 1000 Скопје
Вид на високообра-зовната установа	ЈАВНА ВИСОКО-ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА
Податоци за основачот	Собрание на Република Македонија
Податоци за последната акредитација	- Решение за усогласување и реакредитација на студиските програми од првиот и вториот циклус на ПМФ, УКИМ - Скопје бр. 12–299, 300, 301, 302, 303, 304/1 од 28.11.2012 година за **студиски програми од прв циклус четиригодишни студии по хемија** од 4 студиски програми: применета хемија, применета хемија-модул аналитичка биохемија, применета хемија-модул хемија на животната средина и наставна хемија. - Акредитација на 3 **студиски програми од втор циклус студии по хемија**: наставна хемија (решение за акредитација бр. 12-334/5 од 21.03.2014, решение од МОН бр. 13-6803/4 од 03.06.2014), применета хемија (решение за акредитација бр. 12-334/7 од 21.03.2014, решение од МОН бр. 13-6803/4 од 03.06.2014), и применета хемија - аналитичка биохемија (решение за акредитација бр. 12 -334/8 од 21.03.2014 и решение од МОН бр. 13-6803/4 од 03.06.2014) - Решение за акредитација на **студиска програма од трет циклус студии по хемија** бр. 12-137/2 од 18.11.2014 и решение за почток со работа од МОН бр. 14-32/1 од 12.01.2015.
Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација	Природно-математичко
Единици во состав на високообразовната установа	Во состав на УКИМ 26 единици (21 факултет и 5 институти) Во состав на ПМФ 7 единици (6 институти и сеизмолошка опсерваторија)
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова студиска програма	**Студиски програми од прв циклус четиригодишни студии по хемија** од 4 студиски програми: применета хемија, применета хемија-модул аналитичка биохемија, применета хемија-модул хемија на животната средина наставна хемија. **Студиски програми од втор циклус едногодишни студии по хемија**: наставна хемија применета хемија применета хемија - аналитичка биохемија **Студиска програма од трет циклус студии по хемија -** хемија
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата,	**Проекти** Во 2011–2015 година на Институтот за хемија беа активни неколку домашни проекти, но и меѓународни проекти главно со Р. Бугарија и Р. Германија. Треба да се истакне дека проектите со Бугарија се финансирани

<table>
<tr>
<td>истражувањето и мобилноста на студентите</td>
<td>
преку МАНУ, додека оние со Германија се како резултат на мултилатералниот проект „International Masters and Postgraduate Programme in Materials Science and Catalysis“ (MatCatNet) во рамките на DAAD програмата „Academic Reconstruction of South Eastern Europe“. Овој проект обезбедува и мобилност на студентите од завршната година на прв циклус и на студентите на втор циклус студии по хемија помеѓу партнерските универзитети. Учеството во проекти на наставниците од Институтот за хемија во овој период е прикажано во следната табела:
<table>
<tr><td></td><td>2011</td><td>2012</td><td>2013</td><td>2014</td><td>2015</td></tr>
<tr><td>Домашни</td><td>16</td><td>15</td><td>8</td><td>7</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Меѓународни</td><td>19</td><td>12</td><td>13</td><td>14</td><td>12</td></tr>
</table>

Конференции, научни собири и трибини
Во периодот 2011-15 година, наставно-научниот и соработничкиот кадар учествувал на различни научни манифестации, главно на научни конгреси, конференции и симпозиуми, претежно меѓународни (во табелата е даден преглед на учествата). Покрај учествата на конференции и работилници, остварени се и работни посети во рамките на продлабочување на соработката со колеги од Универзитети, Институти на академии на науки од Бугарија, Германија, Израел, Хрватска, Романија, Србија.
<table>
<tr><td></td><td></td><td>2011</td><td>2012</td><td>2013</td><td>2014</td><td>2015</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Конгреси, конференции, симпозиуми</td><td>Домашни</td><td>17</td><td>35</td><td>26</td><td>51</td><td>21</td></tr>
<tr><td>Меѓународни</td><td>49</td><td>51</td><td>43</td><td>40</td><td>45</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Семинари и работилници</td><td>Домашни</td><td>6</td><td>2</td><td>3</td><td>3</td><td>6</td></tr>
<tr><td>Меѓународни</td><td>6</td><td>9</td><td>4</td><td>9</td><td>7</td></tr>
</table>
Институтот за хемија се јавува како коорганизатор, заедно со Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, на редовните конгреси на хемичарите и на студентите на хемија. Така, во 2012 и 2014 година, во Охрид, беа одржани 22-от и 23-от Конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (со меѓународно учество), а во 2011, 2013 и 2015 година, пак, беа одржани 9-от, 10-от и 11-от Конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), соодветно. ИХ беше главен организатор и домаќин на оние одржани во 2011 и 2015 година.
</td>
</tr>
<tr>
<td>Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачка дејност</td>
<td>
1. Вкупна површина 10 400 м²
2. Вкупна површина (простор за изведување настава) м²
1. Број на амфитеатри 1 + 3 м²
2. Број на предавални 4 м²
3. Број на лаборатории 20 2524 м²
4. Научноистражувачки лаборатории 20 м²

Дидактички простор
<table>
<tr><th>вид на дидактички простор</th><th>број</th><th>површина во м²</th><th>бр. на седишта</th></tr>
<tr><td>објект/објект</td><td>1</td><td>10 400</td><td></td></tr>
<tr><td>амфитеатри</td><td>1</td><td></td><td>212</td></tr>
<tr><td>амфитеатрални предавални</td><td>3</td><td></td><td>252</td></tr>
<tr><td>предавални, сали, вежбални</td><td>2</td><td></td><td>40</td></tr>
<tr><td>предавална-лабораторија за училишно експериментирање</td><td>1</td><td></td><td>15</td></tr>
<tr><td>компјутерски училници</td><td>1</td><td></td><td>20</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачкиа дејност

лаборатории за експериментални истражувања	20	2524	
лаборатории за изведување на аудиториски вежби	1		
лаборатории за изведување научноистражувачка дејност	20		
предучилишни установи, основни и средни училишта за изведување хоспитации по предметот методика	5		
сали, вежби	/		
кабинети за наставно-научниот кадар	30		
друго	/		

Дополнителни простории:

- Библиотека со читална
- Магацински простори
- Припремни лаборатории

Опрема

Лабораториите на Институтот имаат доволен капацитет да ги задоволат потребите за изведување на експерименталната настава, како во однос на бројот на работни места, така и во однос на опременоста. Така, постојат лаборатории со 40 работни места, со 24 работни места и со 15 работни места. Во секоја од лабораториите има дигестори, лабораториски маси со довод на вода и електрично напојување, лабораториски прибор и инструменти. Инструментите со кои работат студентите се сместени главно во студентските лаборатории, но за потребите на наставата се користат и инструментите за научноистражувачка работа кои се лоцирани во соодветни лаборатории.

Институтот за хемија располага со следнава лабораториска опрема: LECO GC×GC–TOF/MS, инструмент за дводимензионална гасна хроматографија спрегната со масен спектрометар со анализатор од типот на време на прелет; Апаратури за анализа на нафтени деривати; Shimatzu SPM 9600 микроскоп со скенирачка сонда (SPM) кој може да работи како скенирачки-тунелирачки микроскоп (STM) и како микроскоп темелен на атомски сили (AFM); Rigaku Ultima IV рендгенски дифрактометар за спрашени образци со можност за снимање на собна и на висока температура (до 1500 °C); кластер од 4 Fujitsu-Siemens сервери и засебен storage систем; Три атомски апсорпциони спектрометри; Perkin Elmer FTIR2000 инфрацрвен интерфе-рометар како и инфрацрвен спектрофотометар; Horiba JobinYvon LabRamn 300 Infinity микро-рамански спектрометар спрегнат со 532 nm и 633 nm ласери; Cary 50 UV-Vis спектрофотометар; гасен хроматограф со масен детектор Agilent GC/MS); течен хроматограф (Agilent HPLC/DAD); течен хроматограф со масен детектор (Agilent HPLC/DAD/MS^n); два електрохемиски инструменти (потенциостат/галваностат); два мобилни, микропотенциостати (особено погодни за работа со студенти); пламенфотометар; неколку рефрактометри; кондуктометри; поголем број pH-метри; аналитички ваги; сушари; печки за жарење; центрифуги; апаратура за добивање дестилирана вода и др.

Број на студенти за кои е добиена акредитацијата	Бројот на студенти од прв циклус во учебната 2014/15 год. е 257 студенти во сите години и на сите насоки
Број на студенти (прв пат запишани)	Бројот на прв пат запишани студенти на прв циклус: 2014/15 год. 48 студенти на сите насоки.
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	Структура на наставничкиот кадар по наставно научни, научни, наставни и соработнички звања Редовен професор 13 Вонреден професор 4 Доцент и насловен доцент 5 Надворешен насловен доцент 5 Асистенти 0
Број на лица во соработнички звања	/
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник)	За првиот циклус студии 1:10
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	Студентска евалуација со анонимни анкети на крајот од секој семестар. Комисија за самоевалуација на Институтот за хемија составена од наставници и студенти.
Фреквенција на самоевалуациониот процес	Анонимни анкети – секој семестар Самоевалуација – на три години
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Извештај за надворешната валуација на универзитетот „Св. Кирил и методиј“ во Скопје (за периодот 2010/2011-2012/2013) е достапен на веб страницата на УКИМ: http://www.ukim.edu.mk во делот Универзитет-Евалуација, каде е достапен и извештај од самоевалуацијата на Природно-математичкиот факултет како единица на УКИМ
Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност	Во Рамките на проектот од 7-та Рамковна Програма на Европската Унија (7th Framework Programme): „Евалуација на истражувачкиот капацитет и развој на стратегија за понатамошен раст во хемијата воопшто и во наука за храна особено“ направена е независна меѓународна експертска евалуација на целокупниот истражувачки квалитет на Институтот за хемија и дадени се понатамошни насоки за развој во оваа област. Овие податоци се достапни на: http://chemistryfood.pmf.ukim.edu.mk/ .

2. Цел и оправданост за воведување на студиските програми

Студиската програма за вториот циклус на наставна хемија не е нова, така што веќе постојат кадри со титула „магистер по хемиско образование“. Со оваа студиска програма се образуваат специјализирани кадри за потребите на развојот на наставата по хемија во средните и основните училишта во државата, што само по себе е доволен факт за постоењето на една ваква студиска програма.

Поради исклучително динамичниот развој на хемијата како наука, но и на методско-дидактичките дисциплини, неопходно е постојано ревидирање и модернизирање на овие студии не само во првиот циклус, туку и во вториот. Во светот сè повеќе се согледува потребата од примена на нови методи и техники за пренесување и усвојување на знаењето, особено од областа на природните науки, па затоа, освен на стручните предмети, се става голем акцент и на педагошките и методско-дидактичките дисциплини. Тоа бара високо специјализирани кадри од оваа област кои ќе можат да ги имплементираат новите методи на учење и поучување, да воведуваат нови, соодветни методи, техники и технологии на учење, какои да ги обучуваат колегите за нивна примена.

Поради овие причини, измените на студиската програма на вториот циклус по наставна хемија се направени не само со цел да се прилагодат со Законот за високото образование од 2011 год., туку и за да дополнително се осовременат, модернизираат и прилагодат на ваквите студиски програми што постојат на универзитетите во земјите од Европската унија.

Досегашни искуства на предлагачот во спроведување на еквивалентни или слични студиски програми.

Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје е една од најстарите наставно-научни институции во земјава. Катедрата по хемија започнува со работа во 1946 година заедно со другите студиски групи на тогашниот Филозофски факултет.

Во 1958 год. со издвојувањето на Природно-математичкиот оддел од составот на Филозофскиот факултет и со оформувањето на Природно-математичкиот факултет, Катедрата по хемија прераснува во Хемиски институт. На Институтот за хемија се оформени три заводи: за неорганска и аналитичка, за органска и за физичка хемија. Во 1960 год, покрената е иницијатива за започнување на подготовки за изградба на нова зграда на Хемискиот институт. Зградата е завршена и предадена во употреба во октомври 1968 год.

Со реформата на Универзитетот од 1976 год. за интегрирање на кадрите што се занимаваат со истородна дејност, се формира Хемискиот факултет. Кадарот го сочинуваат наставниците, асистентите и лаборантите од поранешниот Хемиски институт на ПМФ и од катедрите по основните хемиски дисциплини на дотогашниот Технолошко-металуршки факултет. Во тој период на Хемискиот факултет се формирани четири институти: Институт за чиста и применета неорганска хемија, Институт за органска хемија и биохемија, Институт за аналитичка хемија и контрола во хемиската индустрија и Институт за чиста и применета физичка хемија.

Во процесот на т.н. рационализација на Универзитетот во 1985 год., повторно доаѓа до формирање на Природно-математички факултет, а во неговите рамки, како работна единица, Институтот за хемија. Во Институтот за хемија, како негови конститутивни делови се формирани Заводот за чиста и применета неорганска хемија (денес Завод за општа и неорганска хемија), Заводот за органска хемија и биохемија, Заводот за аналитичка хемија и контрола во хемиската индустрија (денес Завод за аналитичка хемија) и Заводот за чиста и применета физичка хемија (денес Завод за физичка хемија). Задачата на заводите е да ја организираат наставната и научната дејност по соодветните дисциплини.

Што се однесува до организирањето на наставата, при започнување со работа на студиите по хемија формирана е само една насока. Подоцна наставата е поделена на две насоки – применета (завршените студенти од оваа насока добиваат звање инженер по хемија) и наставна (завршените студенти од оваа насока добиваат звање професор по хемија). Ваквата организација на наставата трае до конституирањето на Хемискиот факултет. На Хемискиот факултет се формирани следниве насоки: за неорганска хемија, за органска хемија, за аналитичка хемија и контрола, за структурна хемија и електрохемија и наставна насока. Понатаму, четирите применети насоки се споени во две - препаративна и аналитичко-структурна, а наставната насока останува како посебна, но со голем дел од заедничка настава со двете применети насоки.

Во учебната 2000/01 год. отпочнува со работа студиската програма по аналитичка биохемија. До овој момент студиите по хемија се одвиваат на три насоки: наставна, применета и аналитичка биохемија.

Како што може да се забележи од ова што е овде изнесено, студиската програма по наставна хемија функционира повеќе од 60 години. Во текот на овој период направени се повеќе осовременувања на оваа студиска програма. Така, на почетокот бројот на педагошко-дидактички предмети бил мал, но постепено се внесувале поголем број вакви предмети. При последните измени, имајќи го предвид експерименталниот карактер на хемијата како наука, обрнато е внимание и на методиката на училишно експериментирање. Со измените што се предлагаат ова уште повеќе се потенцира, како и потребата од стекнување поголема пракса на студентите со настава во училиштата.

Наставата на последипломските студии на студиите по хемија, се јавува како резултат на сè поразвиената научноистражувачка работа. Во учебната 1973/74 г. се организираат и постдипломски студии по неорганска и аналитичка хемија, по органска хемија и по молекулска спектроскопија. Во рамките на постдипломските студии се разделени насоките за неорганска и аналитичка хемија, а организирани се и студии по електрохемија.

Во 2003 година, направени се промени во наставните планови на постдипломските студии. Тие се организирани така што постојат задолжителни предмети и широка листа на изборни предмети.

Во 2009 година, направени се посуштински измени во наставните планови на постдипломските студии, поради нивно прилагодување со промените во Законот за високо образование од 2008 година.

Елементи со кои се овозможува мобилност на студенти.

Измените што се направени во студиската програма на вториот циклус по наставна хемија овозможуваат висок степен на мобилност. Задолжителните и понудените изборни предмети се состојат од стручни предмети, како и од методско-дидактичкики кои можат да се сретнат на вториот циклус на вакви студии на речиси сите универзитети во светот

3. Општ дел

Назив на предлагачот на студиската програма: Институт за хемија, Природно-математички факултет (http://www.pmf.ukim.edu.mk/PMF/Chemistry/Hemija.html)
Назив на студиската програма: Студиска програма за наставна хемија на вториот циклус
Траење на студиите: Една години (2 семестра)
Вид на студиската програма: академски студии
Степен на студии: втор циклус (магистерски студии)
Услови за запишување на студентите: На вториот циклус од студиите по хемија, насока наставна хемија може да се запишуваат кандидати кои завршиле студии по хемија, наставна насока и двопредметни студии по биологија-хемија и физика-хемија.
За запишување на вториот циклус на студии по хемија, студентот мора да има освоено 240 кредити од претходниот студиум (од прв циклус на студии).
Академскиот или стручниот назив или степен кој се стекнува со завршување на студиите: Со завршување на студиите од вториот циклус од наставната насока се добива титула: магистер по образование по хемија.
Информација за продолжување на образованието: Студиската програма дава можност за натамошна континуирана едукација на повисоко ниво т.е. докторски студии по хемија.
Спецификација на генеричките (општите) и специфичните компетенции кои студентот ќе ги стекне со завршувањето на студиите и за кои работни места е оспособен: Овие студии имаат за цел дипломираите професори по хемија да се здобијат со повисоки стучни квалификации од својата област. Студентите кои ќе се стекнат со титулата магистер по хемиско образование. ќе бидат оспособени за:

- Примена и развој на нови, модерни методи и техники за учење и поучување во наставата по хемија.
- Развој на експериментални дидактички методи во наставата по хемија.
- Примена и развој на соодветни методи за следење и проверка на знаењето по хемија.
- Планирање и менаџирање на наставниот процес по хемија.
- Итн.

Магистрите по образование по хемија, освен во училиштата, можат да се вработуваат и во институциите за следење и развој на образованието.
Начин на финансирање на студиската програма:
На студиската програма, како и досега, се запишуваат студенти кои самите ги покриваат трошоците за студирање.
Број на студенти кои се запишуваат на студиската програма: 20 (со можност за промена, според потребите)

Активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на наставата:
Квалитетот на наставата се развива и одржува преку континуирано изведување на анонимни анкети, како и прашалници кои студентите треба да ги пополнат во врска со квалитетот на наставата, изборот на методски единици во рамките на предметот, квалитетот на работа на наставникот и соработниците на предметот итн. Воедно, континуирано се следат современите трендови во светот од оваа област и програмата

се дополнува и модернизира, како во рамките на секој поединечен предмет, така и во целина.

<u>Последипломски студии по наставна хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет (магистер по образование по хемија)</u>
2 циклус, 1 година, 2 семестри, 60 ЕКТС кредити
Подрачје: природно-математички науки; поле: хемија; област: наставна хемија

Студиската програма за наставна хемија на вториот циклус студии по хемија се состои од 1 година (2 семестри) со што студентите добиваат 60 кредити.
Професионалната титула по завршување на вториот циклус на студии и одбрана на магистерската работа е магистер по образование по хемија.
Овие последипломски студии и програмата се организирани за стекнување на VII-2 степен на образование и целосно исполнување на дескрипторите за квалификации.
Студиската програма дава можност за натамошна континуирана едукација на повисоко ниво т.е. докторски студии по хемија.

Тип на дескриптори	Циклус на студии	Дескриптори на квалификациите
Знаење и разбирање	2 циклус	1. Демонстрира знаење на хемиските принципи, хемиската терминологија, методиката на наставата воопшто, како и методиката на наставата по хемија специфично, како и други знаења неопходни за практицирање на хемиската едукација. 2. Покажува способност за развој на нови, модерни техники на учење и поучување во наставата по хемија. 3. Покажува способност за развој на нови експериментални дидактички методи во наставата по хемија. 4. Покажува способност за развој на соодветни методи за следење и проверка на знаењето по хемија.
Примена на знаењето и разбирањето		1. Ги применува новите модерни техники на учење и поучување во наставата по хемија. 2. Ги применува развиените методи за следење и проверка на знаењето по хемија. 3. Го планира и менаџира наставниот процес по хемија.
Способност за проценка		1. Демонстрира способност за изведување на заклучоци (или мислења) преку процес на набљудување и следење на активностите на учениците во текот на наставниот процес по хемија.

		2. Ја препознава и проценува способноста на учениците за совладување на поедини методски единици. 3. Демонстрира способност за проценка на целисходноста и полезноста на различните методи за проверка на знаењето по хемија. 4. Ги проценува новите модерни техники на учење и поучување во наставата по хемија.
Комуникациски вештини		1. Покажува способност за ефективна комуникација со учениците, родителите, како и колегите од работното место. Работи ефикасно како член на работниот колектив, се карактеризира со доверливост, ненаметливо однесување и критичко размислување. 2. Ги разбира и почитува културните разлики, покажува способност за адаптација кон лица со различно потекло и различни способности и начини (стилови) на комуникација, како и почит кон другите воопшто. 3. Иницира комуникација со учениците, ефективно управува со времето на часот, покажува разбирање за однесувањето на другите и има вештини за слушање.
Вештини на учење		1. Демонстрира совладани вештини за учење – концентрација, читање, слушање, меморирање, следење на литература од примарни, секундарни, како и терциерни извори на информации. Ефективно го планира и користи времето. 2. Демонстрира способност за критичко оценување на идеите, генерира свои идеи и ги проценува, ефикасно ги користи размислувањата за решавање како на секојдневните проблеми во наставата по хемија, како и во проблемите кои произлегуваат во научно-истражувачката работа.

4. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет

Одлуката за усвојување на студиските програми: наставна хемија, применета хемија и применета хемија – аналитичка биохемија на Институтот за хемија од Настовно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е дадена во документацијата доставена од страна на ПМФ (Прилог 1).

5. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Одлуката за усвојување на студиските програми на Институтот за хемија од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје ќе биде внесена во документацијата по донесување на ваквата одлука како (Прилог 2).

6. Образложение за реализацијата

Студиската програма се реализира на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. За успешна реализација на студиската програма, Институтот за хемија располага со просторни материјални и кадровски услови. (http://www.pmf.ukim.edu.mk/PMF/Chemistry/Hemija.html) и презентирани во картата Институтот за хемија.

Просторни услови

Просторните можности на Институтот за хемија се извонредни. Имено, Институтот за хемија на ПМФ располага со сопствена зграда, во која вкупната нето-корисна површина изнесува 10 400 м^2. На лаборатории отпаѓа околу една четвртина (2524 м^2). Најголем дел од просторот е ангажиран за студентски лаборатории, предавални, библиотека и за читална. На Институтот за хемија постојат следниве поважни простории:

- голем амфитеатар;
- три амфитеатрални предавални;
- две простории кои се користат како предавални;
- над 20 лаборатории;
- предавална-лабораторија за училишно експериментирање
- 2 компјутерски училни;
- библиотека со читална;
- магацински простори.

Библиотеката на Институтот за хемија е најстара и најбогата хемиска библиотека во нашата држава. Располага со фонд од над **11000 книги** и повеќе од **53000 броеви научни списанија**, определен број сепарати, дипломски, магистерски и докторски работи. Неа ја користат наставниците, соработниците и студентите од Природно-математичкиот, но и од други факултети. Отворена е, исто така, и за сите други заинтересирани (во прв ред, за истражувачите од индустријата).

Лабораториска и друга опрема

Лабораториите на Институтот имаат доволен капацитет да ги задоволат потребите за изведување на експерименталната настава, како во однос на бројот на работни места, така и во однос на опременоста. Така, постојат лаборатории со 40 работни места, со 24 работни места и со 15 работни места. Во секоја од лабораториите има дигестори, лабораториски маси со довод на вода и електрично напојување, лабораториски прибор и инструменти. Инструментите со кои работат студентите се сместени главно во студентските лаборатории, но за потребите на наставата се користат и инструментите за научноистражувачка работа кои се лоцирани во соодветни лаборатории.

Институтот за хемија располага со следнава лабораториска опрема:

- три атомски апсорпциони спектрометри;
- инфрацрвени инструменти (FT интерферометар и класичен спектрофотометар);
- Микро-раман спектрометар;
- ултравиолетови/видливи спектрофотометри;
- гасен хроматограф;
- гасен хроматограф со масен детектор;
- течен хроматограф (HPLC);
- течен хроматограф со масен детектор;
- два електрохемиски инструменти (потенциостат/галваностат);
- два мобилни, микропотенциостати (особено погодни за работа со студенти);
- пламенфотометар;
- неколку рефрактометри;
- кондуктометри;
- поголем број pH-метри;
- аналитички ваги;
- сушари;
- печки за жарење;
- центрифуги;
- апаратура за добивање дестилирана вода и др.

Во рамките на проектот за опремување на научноистражувачки лаборатории на Владата на Р. Македонија, Институтот за хемија ги доби следниве лаборатории:

- Истражувачка лабораторија за гасна хроматографија (раководител проф. д-р Зоран Здравковски), опремена со LECO Pegasus 4D со Gerstel Multi Purpose Sampler (GC×GC–TOF/MS, дводимензионална гасна хроматографија спрегната со масен спектрометар со анализатор од типот на време на прелет).
- Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива (раководител проф. д-р Богдан Богданов), опремена со апаратура за анализа на нафтени деривати.
- Лабораторија за наноматеријали (раководител проф. д-р Билјана Пејова), опремена со микроскоп со скенирачка сонда (SPM) кој може да работи како скенирачки-тунелирачки микроскоп (STM) и како микроскоп темелен на атомски сили (AFM) – Shimadzu SPM 9600.
- Лабораторија за структурна карактеризација на материјали (раководител проф. д-р Петре Макрески), опремена со рендгендски дифрактометар за спрашени образци за снимање на собна и на висока температура (до 1500 ºC) – Rigaku Ultima IV.

- Компјутерска лабораторија за теориска хемија (раководител проф. д-р Љупчо Пејов), опремена со кластер од 4 Fujitsu-Siemens сервери и засебен storage систем.

7. Анализа на сличноста на студиската програма со соодветните програми на референтни светски центри

Според последната законска регулатива, потребно е да постои суштинска сличност (од над 80 %) помеѓу секоја новоакредитирана/реакредитирана наставна програма и постоечки наставни програми од соодветната област на три од релевантните етаблирани високообразовни референтни центри во светот и тоа од 50-те најдобро рангирани универзитети според Шангајската листа во соодветната област (хемија).

Модуларната структура на предложените наставни програми на Институтот за хемија овозможува голема флексибилност и лесна адаптација и нивно усогласување како со конвенционалните содржини од класичните односно фундаментални хемиски дисциплини на етаблираните светски центри така и со најсовремените и најатрактивни области кои се моментално во подем. Како референтни центри за нашите студиски програми ги дефиниравме следните три факултети:

- Швајцарскиот федерален институт за технологија, ETH Zurich (Swiss Federal Institute of Technology Zurich), рангиран на место бр. 9 во 2015 година за хемија, web: https://www.ethz.ch/en/studies/prospective-bachelors-degree-students.html,
- Хемискиот факултет на Универзитетот во Стразбур, Франција, Université de Strasbourg (http://chimie.unistra.fr/) рангиран на место бр. 19 во 2015 година за хемија
- Униврзитетот во Мунстер, Германија, Universität Münster, (https://www.uni-muenster.de/Chemie/studium/chemie/bsc.html), рангиран на место бр. 46 во 2015 година за хемија.

Во случајот на студиската програма по наставна хемија од вториот циклус на студии, сетот од основни задолжителни (core) предмети ги покрива неопходните поглавја од методологијата на научно-истражувачката работа како и од методологијата на учење и проверка на знаењето во хемијата кои се изучуваат во сите релевантни светски центри (сфатени во најширока, најсовремена и најфлексибилна смисла).

